МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 13, став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНА ЗОНА, УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ЛИСТИТЕ НА ЗАШТИТЕНИ ЗОНИ *

* Со овој правилник се врши усогласување со одредбите на Директивата на Комисијата бр. 92/70 ЕЕЗ од 30 јули 1992 година за воведување на детални правила за испитувањата кои треба да се извршат за да се признаат одредени заштитени зони во Заедницата (CELEX број 31992L0070) и Регулативата на Комисијата бр.690/2008 ЕЕЗ од 4 јули 2008 година заради признавање на заштитетни зони изложени на посебни ризици по здравјето на растенијата во Заедницата (CELEX број 32008R0690).

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на заштитена зона, условите за извршување на систематски прегледи и листите на заштитени зони.

## Член 2

Заштитените зони се утврдуваат преку преглед за утврдување на присуството на штетни организми во даденото подрачје, кои не се ендемски, ниту биле присутни и поради кои подрачјето се прогласува за заштитена зона.

Заштитетните зони се утврдуваат согласно работниот план кој се надополнува и менува во зависност од промена на параметрите утврдени во член 3 став 2 од овој правилник и истиот опфаќа:

а) видови на штетни организми кои се наведени во Листа I дел А и Листа II дел А, како и Листа I дел Б и Листа II дел Б, во рамките на заштитената зона од Листите на штетни организми,

растенија, растителни производи и други објекти и предмети (во натамошниот текст: релевантни штетни организми);

б) воспоставување на систем за извршување на редовни систематски прегледи во соодветен временски период и тоа најмалку еднаш годишно, со цел утврдување на присуство на релевантни штетни организми поради кои подрачјето се прогласува за заштитена зона;

в) спроведување на систематски прегледи, поради кои подрачјето се прогласува за заштитена зона и познавање на структурата на земјоделското производство и животната средина во тоа подрачје, кое се темели на биологијата на еден или повеќе штетни организми. При спроведувањето на систематските прегледи се користат соодветни методи за анализа, што подразбира преглед на посевите или насадите и по потреба земање на примерок за спроведување на лабораториска анализа, како и преглед на супстратот за одгледување и

г) водење на редовна евиденција за добиените резултати од спроведените систематски прегледи.

**Член 3**

При спроведувањето на систематските прегледи од член 2 став 2 точка в) на овој правилник врз штетните организми кои припаѓаат на животинскиот свет, освен нематодите кои се релевантни за шумски растенија или растителни производи кои се одгледуваат на отворено, треба да се земе во предвид дека истите се спроведуваат во определено подрачје, кое се утврдува за заштитена зона, а начинот на спроведување на истите се темели на методи на мапирање, со воспоставување на мрежа од набљудувани точки, следејќи ја системската мрежа која ја опфаќа целата заштитена зона. За секоја набљудувана точка се означуваат следните параметри и тоа:

а) број;

б) координати со географската ширина и должина;

в) топографија и

г) опис на локацијата.

За набљудуваните точки од ставот 2 на овој член може да се изработат карти на кои се прикажани набљудуваните точки.

За штетните организми кои не се опфатени во ставот 1 на овој член, при спроведувањето на систематските прегледи се земаат во предвид и други параметри утврдени во научни трудови и научни истражувања кои се однесуваат на овие штетни организми.

**Член 4**

При одредување на локацијата на набљудуваните точки треба да се има во предвид следното:

а) подрачјето околу набљудуваната точка треба да биде со доволна големина за

попрецизно поставување на точката;

б) точката се одредува така што ќе овозможи соодветна постапка за оценување и

в) на местата каде постои поголем ризик од внесување на штетни организми, заради кои подрачјето се прогласува за заштитена зона треба да биде поставена и друга точка.

**Член 5**

На набљудуваните точки се бележат метеоролошките податоци кои влијаат врз набљудувањето.

На секоја набљудувана точка при спроведување на систематските прегледи треба да се посвети внимание на:

а) избор на репрезентативен број на растенија или растителни производи;

б) растенијата или растителните производи кои се домаќини и на кои може да се појават штетни организми поради кои подрачјето се прогласува за заштитена зона, и доколку е потребно се врши преглед и на поголем број видови на растенија домаќини;

в) спроведување на визуелни прегледи, со цел утврдување на присуство на симптоми од релевантните штетни организми, особено во период кога се очекува појава на тие симптоми;

г) земање на примерок за лабораториска анализа, особено во случаи кога постои

сомневање за присуство на релеватните штетни организми и

д) користење на мамци на набљудуваните точки, кои ги привлекуваат штетните организми, притоа земајќи ја во предвид биологијата на штетниот организам, која е важна за одредување на бројот и видот на поставените мамци.

**Член 6**

Фитосанитарната управа и Државниот инспекторат за земјоделство треба да ја следат состојбата во рамките на заштитените зони заради спречување на појава и ширење на релевантните штетни организми.

Листата на подрачја кои во Европската Унија се признаени како заштитени зони е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Одредбите на членот 6 став 2 и Прилогот на овој правилник ќе престанат да важат по пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува по пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Бр. 25-15/1 — Министер за земјоделство,

18 јануари 2018 година — шумарство и водостопанство,

Скопје — Љупчо Николовски, с.р.

**Прилог**

**Листа на подрачја кои во Европската Унија се признаени како заштитени зони**

| **Штетни организми** | **Заштитена зона: Земја/подрачје** |
|---|---|
| а) Инсекти, пајачиња и нематоди во сите стадиуми на развој | |
| 1. *Anthonomus grandis* (Boh.) | Грција, Шпанија (Andalusia, Catalonia, Extremadura, Murcia, Valencia) |
| 2. *Bemisia Tabaci* Genn. (Европска популација) | Ирска, Португалија (Azores, Beira Interior, Beira Litoral, Entre Douro e Minho, Madeira, Ribatejo e Oeste (Alcobaça, Alenquer, Bombarral, Cadaval, Caldas da Rainha, Lourinhã, Nazaré, Obidos, Peniche, Torres Vedras, Tras-os -Montes)), Финска, Шведска, Обединето Кралство |
| 3. *Cephalcia lariciphila* (Klug.) | Ирска, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man, Jersey) |
| 3.1 *Daktulosphaira vitifoliae* (Fitch) | Кипар |
| 4. *Dendroctonus micans* Kugelan | Ирска, Грција, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man, Jersey) |
| 5. *Gilpinia hercyniae* (Hartig) | Ирска, Грција, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man, Jersey) |
| 6. *Globodera pallida* (Stone) Behrens | Латвија, Словенија, Словачка, Финска |
| 7. *Gonipterus scutellatus* Gyll | Грција, Португалија (Azores) |
| 8. *Ips amitinus* Eichhof | Ирска, Грција, Франција (Corsica), Обединето Кралство |
| 9. *Ips cembrae* Heer | Ирска, Грција, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man) |
| 10. *Ips duplicatus* Sahlberg | Ирска, Грција , Обединето Кралство |
| 11. *Ips sexdentatus* Borner | Ирска, Кипар, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man) |
| 12. *Ips typographus* Heer | Ирска, Обединето Кралство |
| 13. *Leptinotarsa decemlineata* Say | Ирска, Шпанија (Ibiza, Menorca), Кипар, Малта, Португалија (Azores, Madeira), Финска (Districts of Aland, Hame, Kymi, Pirkanmaa, Satakunta, Turku, Uusimaa), Шведска (Blekinge, Gotland, Halland, Kalmar, Skane), Обединето Кралство |
| 14. *Liriomyza bryoniae* (Kaltenbach) | Ирска, Обединето Кралство (Northern Ireland) |
| 15. *Sternochetus mangiferae* Fabricius | Шпанија (Granada, Malaga), Португалија (Alentejo, Algarve, Madeira) |
| б) Бактерии | |
| 1. *Curtobacterium flaccumfaciens pv. flaccumfaciens* (Hedges) Col. | Грција, Шпанија, Португалија |

| | |
|---|---|
| 2. *Erwinia amylovora* (Burr.) Winsl.et al. | Естонија, Шпанија, Франција (Corsica), Италија (Abruzzo, Basilicata, Calabria, Campania, Friuli-Venezia Giulia, Lazio, Liguria, Marche, Molise, Piedmont, Sardinia, Sicily, Tuscany, Umbria, Valle d'Aosta), Латвија, Португалија, Финска, Обединето Кралство (Northern Ireland, Isle of Man, Channel Islands) |
| в) Габи | |
| 1. *Cryphonectria parasitica* (Murrill) Barr | Чешка, Ирска, Грција (Crete, Lesvos), Шведска, Обединето Кралство (освен Isle of Man) |
| 2. *Glomerella gossypii* Edgerton | Грција |
| 3. *Gremmeniella abietina* Morelet | Ирска, Обединето Кралство (Northern Ireland) |
| 4. *Hypoxylon mammatum* (Wahl.) J Miller | Ирска, Обединето Кралство (Northern Ireland) |
| г) Вируси и вирусоиди | |
| 1. *Beet necrotic yellow vein virus* | Ирска, Франција (Brittany), Португалија (Azores), Финска, Обединето Кралство (Northern Ireland) |
| 2. *Tomato spotted wilt virus* | Финска, Шведска |
| 3. *Citrus tristeza virus* (европски видови /5соеви ) | Грција, Франција (Corsica), Малта, Португалија (освен Madeira) |
| 4. *Grapevine flavescence doree* MLO | Чешка, Франција (Alsace, Champagne-Ardenne, Lorraine), Италија (Basilicata) |